**ПОКАНА**
**за учество на информативни денови за граѓаните - Општина Неготино**

Почитувани,

Ни претставува особена чест и задоволство да Ве поканиме да присуствувате на двата информативни денови наменети за граѓаните на тема „Заштита на биодиверзитетот и човековото влијание во делот на водоснабдување“ кои ќе се одржат на 8ми и 9ти октомври 2020, со почеток во 11:00 ч. во хотел Памела, општина Неготино. Регистрацијата на учесниците ќе започне во 10:30 ч.

Првиот инфо ден ќе биде отворен од страна на Градоначалникот на општината г – н Тони Делков, додека одговорното лице на проектот ќе даде пресек на проектните активности. Понатаму, експертот за биодиверзитет и води ќе даде осврт на заштитата на биодиверзитетот и човековото влијание врз водоснабдувањето со акцент на одржливиот развој и заштеда на водата.
Вториот инфо ден ќе даде преглед на расположивите водни ресурси во државата, еднаквиот пристап до вода за пиење и преглед на состојбата на системот за водоснабдување во Неготино.

Со цел подобра организација Ве молиме потврдете го Вашето присуство на 078-344-904 или на projectwambrella@gmail.com најдоцна до 14:00 часот на 06 октомври 2020 година.

Информативните денови се одржуваат во рамките на проектот ,,Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина (”wa-mbrella). Проектот е финансиран во рамките на ЕУ инструментот за предпристапна помош (ИПА) Програма ,,IPA 2014-2020 Cross-Border Cooperation (CBC) Programme Greece – Republic of North Macedonia”. Водечки партнер на проектот е општина Алмопиа, Грција. Општина Неготино е Партнер 2, Партнер 3 е Општинското Претпријатие за водовод и канализација на Алмопиа, Грција и партнер 4 е ЈП ,,Комуналец“, Неготино.

Со надеж дека ќе ја прифатите нашата покана и ќе присуствувате на информативните денови, останувам со почит,

АГЕНДА